Машински факултет
Број 02-727/5
29.8.2023 год.
Скопје

Врз основа на член 173 став 1 од Законот за високото образование („Службен весник на РМ“ број 82/2018), член 69 став 1 точка 8 од Статутот на Машинскиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник број 465/2019 и 635/2022), како и член 42 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник број 411/2018), во врска со Рефератот за избор на еден соработник во соработничко звање – асистент во научната област 21422 Автоматика во Институтот за хидраулично инженерство и автоматика на Машински факултет во Скопје, Наставно-научниот совет на Факултетот, на 39-та редовна седница одржана на 29.8.2023 година, ја донесе следнава

# О Д Л У К А
## за избор во соработничко звање асистент

М-р Радмила Колева, дипл.маш.инж., се избира во соработничко звање асистент во научната област 21422 Автоматика во Институтот за хидраулично инженерство и автоматика на Машински факултет во Скопје во состав на Универзитетот “Св. Кирил и Методиј” во Скопје, за време од три години.

## О б р а з л о ж е н и е

Наставно-научниот совет на Машински факултет во Скопје, на 18 мај 2023 година, распиша Конкурс за избор на еден соработник во соработничко звање асистент во научната област 21422 Автоматика во Институтот за хидраулично инженерство и автоматика.

Конкурсот за избор е објавен во дневните весници Нова Македонија и Коха.

На Конкурсот, се пријави м-р Радмила Колева, асистент на Машински факултет.

Наставно-научниот совет на Факултетот, на седницата одржана на 29 август 2023 год., изјаснувајќи се по предлогот во Рефератот на Рецензентската комисија, објавен во Билтенот на Универзитетот “Св. Кирил и Методиј” - Скопје број 1286 од 15 јуни 2023 г., со мнозинство гласови од присутните 45 од вкупно 57 членови на Советот со наставно-научно звање, донесе одлука со која м-р Радмила Колева ја избра во соработничко звање асистент во научната област 21422 Автоматика во Институтот за хидраулично инженерство и автоматика.

Одлуката да се достави до: именуваната, наставно-научен совет, општа служба - досие, сметководство и архивата на Факултетот.

Универзитет “Св. Кирил и Методиј” во Скопје
Машински факултет - Скопје
Декан

Проф. д-р Дарко Данев

Изготвил: В.Гонтарева Темелковски